# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.123 од 02.10.2012 година**

**Член 1**

Во Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија" број 62/2004, 89/2008, 12/2009, 17/11, 47/11 и 53/11), по членот 37 се додава нов член 37-а, кој гласи:

**"Член 37-а**

Странска туристичка агенција која носи туристи во Република Македонија, без посредство на домашна туристичка агенција со лиценца А, или без склучен договор со туристички водич во Република Македонија, има обврска во рок од 24 часа од часот на влегувањето во Република Македонија, да ангажира домашен туристички водич со склучување договор со еден од следниве вршители на туристичка дејност:

- Здружението на туристички водичи и придружници,
- туристичка агенција со лиценца А,
- туристичко биро или
- физичко лице - туристички водич.

За обврската од ставот 1 на овој член странската туристичка агенција се информира од страна на вршителот на угостителската дејност кој управува со објектот за сместување."

**Член 2**

Во членот 60 став 1 зборовите: "од мал обем" се бришат.

**Член 3**

Во членот 61 став 1 по зборот "точка" броевите "1, 4 и 6" се бришат.

**Член 4**

Во членот 71 став 1 точка 7 точката се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 8, која гласи:

"8) странска туристичка агенција која носи туристи во Република Македонија, без посредство на домашна туристичка агенција со лиценца А, или без склучен договор со туристички водич во Република Македонија, не постапи согласно со членот 39 став 2 од овој закон."

Во ставот 2 по бројот "1" се додаваат зборовите: "точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место на одговорното лице на странската туристичка агенција, за организираната група туристи, за дејствието од ставот 1 точка 8 на овој член."

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за туристичката дејност.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".